20262604656

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 44 став (5) од Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25 и 192/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 ноември 2026 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА НАПРАВЕНА ЕВАЛУАЦИЈА И ДАДЕНО СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ ОД СТРАНА НА СТРУЧНИ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот за висина на надоместок за направена евалуација и дадено стручно мислење од страна на стручни лица бр.02-2140/4 од 28.10.2026 година, донесен од Управниот одбор на Агенцијата за иновации, научно – технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28.10.2026 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“.

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.

Бр. 57-7766/17
3 ноември 2026 година
Скопје